Neni 146

Punët administrative të Këshillit shtetëror i kryen Ministria e Drejtësisë.

Mjetet për realizimin e programit të Këshillit shtetëror sigurohen në suaza të mjeteve financiare nga Buxheti i Ministrisë së Drejtësisë.

Neni 147

Këshillat e komunave dhe Qyteti i Shkupit emërojnë këshilla komunale për preventivën e delikuencës së të miturve (në tekstin e mëtutjeshëm - këshilli komunal).

Anëtarët e këshillit komunal janë përfaqësues të njësive rajonale të: Ministrisë së Punëve të Brendshme, Ministrisë së Punës dhe Politikës Sociale, qendrave për punë sociale, përfaqësues të këshillit të prindërve në shkollat fillore dhe të mesme, Unionit të Nxënësve të Shkollave të Mesme, Odës së Avokatëve dhe shoqatave të qytetarëve dhe të fondacioneve, prokurorit publik i cili punon në lëmin e delikuencës së të miturve dhe gjykatës për persona të mitur nga gjykatat me kompetencë të përgjithshme ose gjykatësi të cilin do ta caktojë kryetari i gjykatës.

Këshillat e komunave dhe Qyteti i Shkupit do ta përcaktojnë numrin e anëtarëve të këshillave komunale, në varshmëri prej madhësisë, zhvillimit dhe nevojave të komunës, si dhe vëllimit të delikuencës së të miturve.

Anëtarët emërohen për kohë prej pesë vjetësh, me të drejtë për rizgjedhje.

Nga radhët e anëtarëve të zgjedhur këshilli komunal zgjedh kryetarin me mandat prej dy vjetësh, me të drejtë për rizgjedhje.

Neni 148

Këshillat komunale miratojnë programe vjetore për punën e tyre që e aprovojnë këshillat e komunave dhe këshilli i Qytetit të Shkupit, rregullore për punën e vet, në rajonin e komunës dhe të Qytetit të Shkupit kryejnë punë për përcjelljen e gjendjeve, ngritin iniciativa për përmirësimin e tyre dhe zhvillojnë programe për përfshirjen e bashkësisë lokale në preventivën e delikuencës së të miturve dhe tretmanit të kryerësve të mitur të veprave penale dhe të kundërvajtjeve.

Për punën e tyre këshillat komunale së paku një herë në vit e njoftojnë këshillin e komunës, përkatësisht Qytetit të Shkupit dhe Këshillin shtetëror për preventivën e delikuencës së të miturve.

Programi i këshillave komunale nga paragrafi 1 i këtij neni financohet në bazë të planit financiar nga buxheti i komunave, përkatësisht Qytetit të Shkupit dhe mjeteve tjera.

DISPOZITAT KALIMTARE DHE PËRFUNDIMTARE

Neni 149

Dispozitat nënligjore nga nenet 18 dhe 25 të këtij ligji do të miratohen në afat prej gjashtë muajsh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 150

Nga dita e fillimit me zbatimin e këtij ligji ndërpriten të vlejnë dispozitat nga neni 70 deri te neni 96 nga Kodi penal ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë",numër 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006 dhe 73/2006).

Neni 151

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e shpalljes në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë", kurse do të zbatohet prej 1 shtator 2008.

**1098.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНОТО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО

Се прогласува Законот за државното правобранителство,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 5 јули 2007 година.

Бр. 07-3126/1
5 јули 2007 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Љубиша Георгиевски,** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ДРЖАВНОТО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО

### I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат организацијата и надлежноста на Државното правобранителство на Република Македонија, условите и постапката за именување и разрешување на државниот правобранител на Република Македонија и државните правобранители, нивните овластувања, права и должности, средствата за работа, пристапот до информации, соработката со органите на државната управа и други прашања од значење за неговата работа.

Член 2

Државното правобранителство на Република Македонија (во натамошниот текст: Државното правобранителство) е државен орган кој презема мерки и правни средства заради правна заштита на имотните права и интереси на Република Македонија и врши други работи утврдени со овој и друг закон.

Член 3

Државното правобранителство ги остварува своите надлежности врз основа на Уставот, закон и ратификуваните меѓународни договори.

Член 4

Функцијата на Државното правобранителство ја врши државниот правобранител на Република Македонија (во натамошниот текст: државниот правобранител) и државните правобранители во Државното правобранителство (во натамошниот текст: државните правобранители).

Владата на Република Македонија по предлог на државниот правобранител со одлука го определува бројот на државните правобранители и донесува одлука со која го утврдува седиштето на државните правобранители и подрачјето на судовите каде што се врши државноправобранителската функција.

При донесувањето на одлуката со која се определува бројот на државните правобранители се тргнува од бројот, видот и карактерот на предметите, како и надлежноста на судот на чие подрачје државните правобранители ја вршат својата функција.

Седиштето на државните правобранители и подрачјето на судовите каде што се врши државноправобранителската функција се утврдува врз основа на економската оправданост и бројот на судовите пред кои државните правобранители преземаат дејствија.

Член 5

Државниот правобранител и државните правобранители ги штитат имотните права и интереси на Република Македонија и на државните органи основани со закон пред судовите и другите органи во земјата и странство.

Член 6

Државниот правобранител може да овласти и лице вработено во Државното правобранителство со положен правосуден испит кое работи на правни работи да застапува пред судовите и други органи во имотноправните спорови.

Државниот правобранител може да овласти и лице вработено во орган на државната управа со положен правосуден испит, кој работи на правни работи да застапува пред судовите и други органи во имотно-правните спорови.

Државниот правобранител доколку согласно со прописите на странската држава, не може непосредно да застапува пред нејзините судови и други органи, Владата на Република Македонија, по предлог на државниот правобранител, ќе овласти друго лице кое според прописите на државата во определен предмет може да го замени во застапувањето.

Лицата од ставовите 1 и 2 на овој член постапуваат во границите на овластувањата што ќе им бидат пренесени од државниот правобранител.

Член 7

Државното правобранителство е со седиште во Скопје.

Државното правобранителство има свој печат во кој е содржан називот и седиштето, грбот и името Република Македонија.

На објектот во кој е сместено Државното правобранителство и државните правобранители се истакнува називот и седиштето, грбот и знамето на Република Македонија.

## II. НАДЛЕЖНОСТ И ОРГАНИЗАЦИЈА

Член 8

Државните правобранители во вршењето на својата функција се самостојни и за својата работа одговараат пред Владата на Република Македонија и пред државниот правобранител.

Член 9

Државниот правобранител го претставува и застапува Државното правобранителство, раководи и презема дејствија за кои е овластен со овој и со друг закон.

Државниот правобранител за својата работа и за работата на Државното правобранителство одговара на Владата на Република Македонија.

Кога државниот правобранител е отсутен или спречен да ја извршува својата функција, него го заменува државен правобранител од подрачјето каде што е седиштето на Државното правобранителство и кој што државниот правобранител ќе го определи со годишниот распоред за работа.

Државниот правобранител и државните правобранители се должни да го чуваат угледот на функцијата што ја вршат.

Член 10

Државните правобранители преземаат дејствија пред суд, друг орган или правни лица за кои со овој или друг закон е овластен државниот правобранител.

Член 11

Државниот правобранител во оправдани случаи, по сопствена оцена може да изземе државен правобранител на соодветното подрачје од постапување по конкретен предмет и истиот да го довери на друг државен правобранител.

Државниот правобранител по барање на државните правобранители или по службена должност, може да изземе државни правобранители од постапување по определен предмет од истите причини за кои може да биде изземен судија.

Член 12

Органите на државната управа и правните лица се должни на Државното правобранителство да му доставуваат податоци, докази и информации заради правна заштита на имотните права и интереси на Република Македонија за потребите за постапување по конкретен предмет во рок од пет работни дена.

Сите правни и физички лица се должни по барање на Државното правобранителство да доставуваат информации за заштита на имотните права и интереси на Република Македонија во рок од пет работни дена.

Член 13

Државниот правобранител по прашања од значење за остварување на функцијата и по прашања од заеднички интерес соработува со органите на државната власт и со физички и правни лица.

Функционерот кој раководи со органот на државната управа е должен да определи лице кое ќе го претставува органот и ќе соработува со Државното правобранителство и за тоа ќе го извести државниот правобранител.

По барање на функционерот кој раководи со органот на државната управа чии интереси се штитат или по предлог на државниот правобранител, за спорови од особено значење може да се определи лице кое задолжително ќе присуствува на судските рочишта покрај надлежните државни правобранители.

Член 14

Органите на државната управа од членот 5 на овој закон го известуваат државниот правобранител за секој имотно-правен спор со домашни или странски физички и правни лица.

Известувањето од ставот 1 на овој член се доставува најдоцна во рок од пет работни дена од денот на дознавањето за настанатиот спор.

Со известувањето во кое се содржани податоци за странките, предметот и вредноста на спорот, правниот однос од кој настанал спорот и другите потребни податоци, задолжително се доставуваат и материјалните докази со кои располагаат.

Член 15

Државниот правобранител пред преземање на дејствија за поведување на постапка пред суд, друг орган или правни лица, во случаите кога тоа е потребно, е должен од органот што го застапува да прибави писмена согласност за поведување на постапка.

Во случај органот што го застапува државниот правобранител да не даде согласност за поведување на постапка, државниот правобранител во рамките на своите овластувања, во смисла на членот 2 од овој закон, одлучува за поведување на постапка доколку смета дека се повредени интересите на Република Македонија.

Државниот правобранител пред поведувањето постапка пред суд може да презема потребни дејствија заради спогодбено решавање на спорниот имотно-правен однос.

Лицето кое ќе одлучи да поведе постапка против Република Македонија и органите на државната управа, може да се обрати до државниот правобранител и

државните правобранители заради спогодбено решавање на имотно-правниот однос од кој произлегува настанатиот спор.

Државниот правобранител и државните правобранители се должни да се произнесат по предлогот за спогодбено решавање во најкраток можен рок, но не подоцна од осум дена по добивањето на согласност од органот кој го застапува.

Доколку во рок од пет работни дена од денот на добивањето на известувањето на државниот правобранител и државните правобранители органот не се произнесе, се смета дека не е прифатен предлогот доставен од лицето преку државниот правобранител за спогодбено решавање на спорниот однос.

Член 16

Ако државниот правобранител оцени дека не треба да се поведе постапка пред суд или друг орган или треба да се повлече тужба, да се откаже од тужбеното барање или од предлог за извршување, да се признае барање на спротивната странка или да се склучи порамнување, да се повлече или откаже од правото на жалба, како и да изјави вонредни правни лекови, ќе побара од органот на државната управа што го застапува да се изјасни за натамошното застапување.

Ако во рок од пет работни дена од барањето на државниот правобранител, органот на државната управа не се произнесе по предлогот на државниот правобранител ќе се смета дека не се согласува со предлогот на државниот правобранител.

Ако меѓу државниот правобранител и органот на државната управа што го застапува не се постигне согласност за прашањата од ставот 1 на овој член, државниот правобранител ќе ја извести Владата на Република Македонија и ќе побара Владата да се произнесе.

Член 17

Трошоците за застапување од страна на државниот правобранител се определуваат според Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите.

Средствата наплатени на име трошоци за застапување се приход на Буџетот на Република Македонија.

III. ДРЖАВЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ И ДРЖАВНИ ПРАВОБРАНИТЕЛИ

Член 18

Државниот правобранител по предлог на министерот за правда го именува Владата на Република Македонија.

Државниот правобранител се именува за време од шест години, со право на повторен избор.

Државните правобранители ги именува Владата на Република Македонија по претходно прибавено мислење од државниот правобранител, без ограничување на мандатот.

Член 19

Владата на Република Македонија распишува оглас за именување на државен правобранител и државни правобранители најдоцна во рок од 15 дена од настанувањето на условите за избор на државни правобранители.

Постапката за именување и избор на државниот правобранител и државните правобранители започнува 60 дена пред исполнување на причините за престанок.

Огласот од ставот 1 на овој член се објавува во најмалку две јавни гласила од кои едно е на службен јазик различен од македонскиот јазик кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија.

Член 20

За државен правобранител се именува лице кое ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Македонија,
- да е дипломиран правник со работно искуство на правни работи најмалку осум години по положен правосуден испит и
- да ужива углед за вршење на функцијата.

За државни правобранители се именуваат лица кои треба да ги исполнуваат условите наведени во ставот 1 алинеи 1 и 3 на овој член и да се дипломирани правници со работно искуство на правни работи најмалку пет години по положен правосуден испит.

При изборот на државни правобранители, Владата на Република Македонија ја има предвид соодветната и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во Република Македонија.

Член 21

Државниот правобранител пред стапување на функцијата дава свечена изјава пред претседателот на Владата на Република Македонија, која гласи:

"Изјавувам дека во својата работа ќе се придржувам кон Уставот и законите и дека ќе ги штитам имотните права и интереси на Република Македонија и својата функција ќе ја извршувам совесно, одговорно и чесно".

Државните правобранители свечената изјава ја даваат пред државниот правобранител.

Член 22

Функцијата државен правобранител е неспојлива со вршењето на друга јавна функција и професија.

Се забранува политичко организирање и дејствување во Државното правобранителство.

Член 23

Функцијата државен правобранител, односно државни правобранители престанува:

- со смрт,
- по сопствено барање,
- поради исполнување на услови за стекнување на правото на старосна пензија,
- ако се утврди дека трајно ја загубил способноста за вршење на функцијата,
- ако е избран, односно именуван на друга функција, односно должност и
- ако со правосилна пресуда е огласен за виновен и му е изречена ефективна казна затвор од најмалку шест месеца.

Во случаите од ставот 1 на овој член престанокот на функцијата на државниот правобранител и државните правобранители го утврдува Владата на Република Македонија.

Член 24

Државните правобранители можат да се разрешат поради нестручно и несовесно вршење на функцијата државен правобранител.

Одлука за разрешување од ставот 1 на овој член по предлог на државниот правобранител донесува Владата на Република Македонија.

Член 25

Владата на Република Македонија може да го разреши државниот правобранител поради нестручно и несовесно вршење на функцијата.

Против одлуката на Владата на Република Македонија за разрешувањето или престанокот од членот 23 став 1 алинеи од 3 до 6 на овој закон на функцијата државен правобранител и државни правобранители, може да се поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на објавувањето на одлуката во „Службен весник на Република Македонија".

Член 26

Одлуката за разрешување на државниот правобранител и на државните правобранители се објавува во „Службен весник на Република Македонија".

За разрешувањето се известува разрешениот државен правобранител, односно државни правобранители и Државното правобранителство на Република Македонија.

Член 27

Државниот правобранител, односно државните правобранители кои се разрешени, остваруваат права по основ на работа на начин и под услови предвидени со закон.

Член 28

Државниот правобранител и државните правобранители имаат службени легитимации.

Министерот за правда ја пропишува формата и содржината на образецот, содржината, постапката и начинот на издавање, користење и одземање на службената легитимација.

Член 29

Државниот правобранител, државните правобранители, државните службеници, соработниците, приправниците и другите вработени во Државното правобранителство имаат право и должност на постојано стручно оспособување и усовршување.

За потребите на стручно усовршување се обезбедуваат посебни средства во делот на Буџетот на Република Македонија наменет за Државното правобранителство, како и од други извори на средства.

## IV. ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ И ДРУГИ ВРАБОТЕНИ ВО ДРЖАВНОТО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО

Член 30

Во Државното правобранителство се вработуваат државни службеници и други работници за вршење на стручно-административни работи.

При вработувањето на државни службеници и други работници за вршење на стручно-административни работи ќе се применува соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во Република Македонија.

Член 31

Со општиот акт за организација на работењето на Државното правобранителство и со актот за систематизација на работите и задачите се определуваат внатрешната организација и бројот на извршителите, посебните услови што треба да ги исполнуваат за засновање на работен однос и работите и задачите што треба да ги извршуваат.

## V. СРЕДСТВА ЗА РАБОТА

Член 32

Средствата за работа на Државното правобранителство се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија и други извори на финансирање.

## VI. ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ

Член 33

Државниот правобранител, државните правобранители, државните службеници и другите вработени во Државното правобранителство постапуваат согласно со Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер, освен кога се работи за класифицирани информации утврдени со закон.

Член 34

Државниот правобранител за работата на Државното правобранителство најмалку еднаш годишно ја известува Владата на Република Македонија.

Годишниот извештај особено содржи преглед на примени, решени, нерешени предмети и преглед на поднесени правни лекови и средства.

Во годишниот извештај може да се укаже за состојбата и недостатоците во законодавството, во внатрешното работење на Државното правобранителство, судовите и органите кои ги застапува и по потреба да се дадат соодветни предлози за измена на закони и подзаконски акти.

По барање на Владата на Република Македонија, Државното правобранителство е должно да достави извештај за својата работа или постапување по конкретни предмети.

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 35

Со денот на започнување на примената на овој закон Јавното правобранителство на Република Македонија продолжува со работа како Државно правобранителство.

Јавниот правобранител и замениците на јавниот правобранител кои со започнувањето на примената на овој закон ја вршат јавноправобранителската функција, продолжуваат да ја вршат својата функција до истекот на мандатот за кој се именувани како јавен правобранител на Република Македонија и заменици на јавниот правобранител.

Со денот на влегувањето во сила на овој закон, вработените во Јавното правобранителство на Република Македонија продолжуваат да работат во Државното правобранителство согласно со одредбите од овој закон.

Недвижниот и движниот имот со кој располага и го користи Јавното правобранителство на Република Македонија од денот на започнувањето на примената на овој закон, го презема Државното правобранителство на Република Македонија.

Член 36

Владата на Република Македонија ќе донесе одлука за определување на бројот на државни правобранители во рок од три месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Владата на Република Македонија ќе донесе одлука за утврдување на седиштето на државните правобранители и подрачјата на судови каде што се врши државноправобранителската функција во рок од три месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Министерот за правда ќе донесе правилник за утврдување на образецот, содржината, постапката и начинот на издавање, користење и одземање на службената легитимација во рок од три месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 37

Со денот на започнувањето на примената на овој закон престанува да важи Законот за јавното правобранителство („Службен весник на Република Македонија" број 47/97).

Член 38

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила.

---

# L I G J
# PËR AVOKATINË SHTETËRORE

## I. DISPOZITA THEMELORE

Neni 1

Me këtë ligj rregullohet: organizimi dhe kompetenca e Avokatisë Shtetërore të Republikës së Maqedonisë, kushtet dhe procedura për emërimin dhe shkarkimin e Avokatit

**3587.**

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 15 декември 2010 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА член 25 став 2, во делот: „од денот на објавувањето на одлуката во „Службен весник на Република Македонија" од Законот за државното правобранителство („Службен весник на Република Македонија" бр.87/2007).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија по повод поднесена иницијатива на Стамен Филипов од Скопје поведе постапка за оценување на уставноста на членот од Законот означен во точката 1 од оваа одлука. Постапката беше поведена затоа што пред Судот со основ се постави прашањето за согласноста на оспорениот член со Уставот.

4. Судот на седницата утврди дека во членот 25 од Законот за државното правобранителство е предвидено дека Владата на Република Македонија може да го разреши државниот правобранител поради нестручно и несовесно вршење на функцијата.

Против одлуката на Владата на Република Македонија за разрешувањето или престанокот од членот 23 став 1 алинеи 3 до 6 на овој закон на функцијата државен правобранител и државни правобранители може да се поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на објавувањето на одлуката во „Службен весник на Република Македонија".

5. Една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија, според член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија е владеењето на правото.

Владеењето на правото се засновува врз неколку постулати: примарно значење на човековите слободи и права; постоење на ограничена државна власт; поделба на власта на законодавна, извршна и судска; постоење на независно судство и правна сигурност на човекот и на граѓанинот.

Правната сигурност значи постоење на процесни гаранции и на правни лекови за заштита на правото во случај на негова повреда.

Според член 50 став 2 од Уставот, се гарантира судска заштита на законитоста на поединечните акти на државната управа и на другите институции што вршат јавни овластувања.

Во член 1 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/2006) е предвидено дека заради обезбедување судска заштита на правата и правните интереси на физичките и правните лица и заради обезбедување на законитоста, Управниот суд, во управни спорови одлучува за законитоста на актите на органите на државната управа, Владата, други државни органи, општините и градот Скопје, организации утврдени со закон и на правни лица во вршење на јавни овластувања (носители на јавни овластувања) кога решаваат за правата и обврските во поединечните управни работи, како и за актите донесени во прекршочна постапка.

Според член 3 став 1 од Законот за управните спорови, право да поведе управен спор има физичко или правно лице, ако смета дека со управниот акт му е повредено некое право или непосреден интерес заснован врз закон.

Право да поднесе тужба, според цитираната одредба, односно да поведе управен спор како тужител, има само она лице или субјект за чие право или интерес се решава во управниот спор, односно кое смета дека со еден (поединечен) управен акт му е повредено некое право или непосреден интерес заснован врз закон. Значи, тужител во управниот спор може да биде она лице на кое со управниот акт му се засега во некое право или непосреден интерес.

Според член 19 од Законот за управните спорови, управен спор се поведува со тужба.

Според член 20 став 1 од истиот закон, тужбата се поднесува во рок од 30 дена од денот на доставувањето на управниот акт до странката. Оваа одредба важи за сите тужители. Овој рок е преклузивен не може да се продолжува и со неговото истечување, тужителот веќе го губи правото да поднесе тужба.

Законот за државното правобранителство („Службен весник на Република Македонија" бр.87/2007), во член 1 утврдува дека со овој закон се уредуваат организацијата и надлежноста на Државното правобранителство на Република Македонија, условите и постапката за именување и разрешување на државниот правобранител на Република Македонија и државните правобранители, нивните овластувања, права и должности, средствата за работа, пристапот до информации, соработката со органите на државната управа и други прашања од значење за нивната работа.

Според член 18 став 1 од Законот, Државниот правобранител по предлог на министерот за правда го именува Владата на Република Македонија.

Според член 23 став 1 алинеи од 3 до 6 од Законот, функцијата државен правобранител односно државни правобранители престанува поради исполнување на услови за стекнување на правото на старосна пензија, ако се утврди дека трајно ја загубил способноста за вршење на функцијата, ако е избран, односно именуван на друга функција, односно должност и ако со правосилна пресуда е огласен за виновен и му е изречена ефективна казна затвор од најмалку шест месеци.

Во оспорениот член 25 од Законот, е предвидено дека Владата на Република Македонија може да го разреши државниот правобранител поради нестручно и несовесно вршење на функцијата. Против одлуката на Владата на Република Македонија за разрешувањето или престанокот од членот 23 став 1 алинеи од 3 до 6 на овој закон, функцијата државен правобранител и државни правобранители може да се поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на објавувањето на одлуката во „Службен весник на Република Македонија".

Во членот 26 од истиот закон е предвидено дека, одлуката за разрешување на државниот правобранител и на државните правобранители се објавува во „Службен весник на Република Македонија" (став 1). За раз-

решавањето се известува разрешениот државен правобранител, односно државни правобранители и Државното правобранителство на Република Македонија.

Од анализата на наведената уставна и законска регулатива, според Судот во конкретниов случај оспорениот дел на ставот 2 од членот 25 од Законот за државното правобранителство не е во согласност со темелната вредност на уставниот поредок на Република Македонија - владеењето на правото и правната сигурност на граѓаните на Република Македонија како дел од ова начело. Имено, имајќи го во вид фактот што со оспорениот член 25 од Законот за државно правобранителство се предвидува дека против одлуката на Владата на Република Македонија за разрешувањето или престанокот на функцијата државен правобранител и државни правобранители може да се поведе управен спор, Судот утврди дека и во овој случај постапката пред Управниот суд треба да се спроведува согласно одредбите на Законот за управните спорови. Ова од причина што во случајов станува збор за решавање на права и обврски за поединечни управни работи, односно со оспорениот член 25 од Законот за државното правобранителство право да поднесе тужба, односно да поведе управен спор му се дава на државниот правобранител и државните правобранители, кои се субјекти за чие право, односно интерес се решава во управниот спор, односно кое смета дека со поединечен управен акт му е повредено некое право или непосреден интерес засновав врз закон.

Според Судот, рокот за поведување на управен спор мора да тече од денот на доставувањето на управниот акт до странката, како што предвидува Законот за управните спорови како lex specialis, во кој е регулирана постапката за управните спорови. Ова дотолку повеќе што со ваквиот акт кој има карактер на поединечен управен акт се задира во лично право и интерес на државниот правобранител и државните правобранители, поради што рокот за поведување на управен спор треба да тече од денот на доставувањето, односно осознавањето на субјектот за постоење на ваков акт, а не од денот на објавувањето на одлуката во „Службен весник на Република Македонија" како што предвидува оспорената одредба од Законот за државното правобранителство.

Од наведената уставно судска анализа, Судот оцени дека оспорениот дел од членот 25 став 2 од Законот за државното правобранителство не е во согласност со принципот на владеењето на правото и правната сигурност на граѓаните, односно со членот 8 став 1 алинеја 3 од Уставот.

6. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

7. Оваа одлука Судот ја донесе со мнозинство гласови во состав од претседателот на Судот Бранко Наумоски и судиите д-р Наташа Габер-Дамјановска, д-р Трендафил Ивановски, Исмаил Дарлишта, Лилјана Ингилизова-Ристова, Вера Маркова, Игор Спировски, д-р Гзиме Старова и д-р Зоран Сулејманов.

| | |
|---|---|
| У.бр.121/2010 | Претседател |
| 15 декември 2010 година | на Уставниот суд на Република |
| Скопје | Македонија, |
| | **Бранко Наумоски**, с.р. |

## СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3588.**

Судскиот совет на Република Македонија по правосилно спроведената постапка, согласно член 53 од Законот за судскиот совет на Република Македонија, врз основа на член 41, став 2 од Законот за судовите, го објавува следното

### Р Е Ш Е Н И Е

Се разрешуваат од вршење на судиската функција Виолета Дума и Владо Џилвиџиев, судии на Апелациониот суд Скопје, поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција и тоа судијата Виолета Дума поради две сторени повреди по член 75, став 1, алинеја 2 од Законот за судовите и судијата Владо Џилвиџиев поради една сторена повреда по член 75, став 1, алинеја 2 од Законот за судовите.

| | |
|---|---|
| Бр. 07-1977/1 | Судски совет |
| 22 декември 2010 година | на Република Македонија |
| Скопје | Претседател, |
| | **Васил Грчев**, с.р. |

---

## АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ

**3589.**

Врз основа на член 28 став 8 од Законот за поштенските услуги („Службен весник на РМ" бр. 158/2010), Комисијата како орган на Агенцијата за пошти на седницата одржана на 23.12.2010 година го донесе следниот

### П Р А В И Л Н И К
### ЗА НАЧИНОТ НА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА ПОЕНИ И НА ВРЕДНОСТА НА ПОЕНОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ НАДОМЕСТОК

Член 1

Со овој Правилник се уредува начинот на определување на бројот на поени и на вредноста на поенот кои служат за пресметување на годишниот надоместок.

Член 2

Одделни изрази употребени во овој правилник го имаат следново значење:

- Обем претставува нумерички показател за бројот на поштенските услуги кои ги обезбедува давателот во текот на 12 последователни месеци;
- Број на поени е нумерички израз кој Агенцијата му го утврдува на секој давател на поштенски услуги и служи за пресметување на годишниот надоместок.

Член 3

Давателот на универзална услуга и давателот на поштенски услуги (во натамошниот текст давател) за календарската годината во која обезбедуваат поштенски услуги врз основа на издадена индивидуална дозвола или општо овластување, плаќаат годишен надоместок на Агенцијата за пошти.

Годишниот надоместок, давателот го плаќа на годишно ниво без оглед на временскиот интервал од годината во кој ја поседува дозволата или општото овластување, врз основа на Решение од директорот на Агенцијата, во рокот пропишан со законот и овој правилник.

**3224.**
Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНОТО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО**

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за Државното правобранителство,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 22 јуни 2015 година.

Број 08-2661/1
22 јуни 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНОТО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО**

Член 1
Во Законот за Државното правобранителство („Службен весник на Република Македонија" број 87/2007), во член 10 по ставот 1 се додаваат два нови става 2 и 3, кои гласат:
„Државното правобранителство на Република Македонија прибавува податоци од Агенција за катастар на недвижности по електронски пат.
Државното правобранителство на Република Македонија, без плаќање на надоместок, до Агенцијата по електронски пат ги доставува исправите за правен основ врз основа на кои се врши запишување во корист на Република Македонија."

Член 2
Државното правобранителство на Република Македонија е должно во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон електронски да се поврзе со Агенцијата за катастар на недвижности.

Член 3
Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

**L I GJ**
**PËR PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR AVOKATINË SHTETËRORE**

Neni 1
Në Ligjin për Avokatinë Shtetërore ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 87/2007), në nenin 10 pas paragrafit 1 shtohen dy paragrafë të rinj 2 dhe 3, si vijojnë:
"Avokatia Shtetërore e Republikës së Maqedonisë siguron të dhëna nga Agjencia për Kadastër të Patundshmërive në formë elektronike.
Avokatia Shtetërore e Republikës së Maqedonisë, pa pagim të kompensimit, te Agjencia në formë elektronike i dërgon dokumentet për bazë juridike në bazë të së cilës bëhet regjistrimi në dobi të Republikës së Maqedonisë."

Neni 2
Avokatia Shtetërore e Republikës së Maqedonisë obligohet në afat prej tre muajsh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji të lidhet në mënyrë elektronike me Agjencinë për Kadastër të Patundshmërive.

Neni 3
Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**3225.**
Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЖНИТЕ ПРОИЗВОДИ**

Се прогласува Законот за градежните производи,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 22 јуни 2015 година.

Бр. 08-2658/1
22 јуни 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ГРАДЕЖНИТЕ ПРОИЗВОДИ**

ГЛАВА I

ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Предмет на законот**

Член 1
Со овој закон се уредуваат условите за пуштање на градежните производи на пазар со изјава за својства, означувањето со „CE" ознака, условите за пуштање на пазар на градежен производ од нехармонизираното подрачје, обврските на економските оператори, хармонизираните технички спецификации, основањето и работењето на Тела за техничка оцена и именуваните тела, надзор и контрола на пазарот.

**Примена и пуштање на пазар на градежниот производ**

Член 2
Одредбите од овој закон се применуваат за градежните производи за кои има технички спецификации согласно со овој закон.

Член 3
Градежните производи може да се пуштаат на пазарот само ако се соодветни со нивната употребна намена, што подразбира, објектите во кои производите ќе бидат вградени да мора да ги исполнуваат основните барања согласно со членот 5 од овој закон.

**Дефиниции**

Член 4
Одделни изрази употребени во овој закон, го имаат следново значење:

ИДБЦ

ИНФОРМАТИВНО ДЕЛОВЕН БИЗНИС ЦЕНТАР

Насловна Услуги Категоризација Пребарување Помош Logout

Корисник: Drzavno pravobranitelstvo Skopje Naser Ajdari

## Детали за пропис

| | |
|---|---|
| **Текст:** | Закон за државното правобранителство (Престанува да важи Законот за јавното правобранителство, објавен во "Сл.в. на РМ" бр.47/97) |
| **Забелешка:** | 87/2007-85, 167/2010-31 (Се укинува во дел чл.25 ст.2 со Одлука на Уставен суд на РМ, У.бр.121/2010 од 15.12.2010 г.), 104/2015-11 (допол.) |
| **Област:** | ДРЖАВА-ДРЖАВНА УПРАВА-ПРАВОСУДСТВО-МЕЃУНАРОДНИ ПРОПИСИ |
| **Подобласт:** | Правосудство |
| **Група:** | Редовни судови-Јавни обвинителства и правобранителства |
| **Гласило:** | СЛУЖБЕН ВЕСНИК |
| **Тип:** | Закон |
| **Вид пропис:** | п |
| **Година:** | 2007 |
| **Број:** | 87 |

All Rights Reserved 2012. idbc-ingregistar.com.mk